РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-632/6
25.04 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 11 - та седница одржана на ден 24 април 2019 година донесе

## **Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-632/1 од 20.02.2019 година, односно не е утврдено влијание при постапка за унапредување на блиско лице, од страна на избраното лице, во конкретниот предмет пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија, Мира Стојчевска.

Предметот со број 09-632/1 од 20.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-632/1 од 20.02.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува на постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Илјо Стојчевски, во постапка за унапредување во Сектор за шумска полиција - Делчево, кое е сопруг на пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија, Мира Стојчевска.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, иницира и поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Илјо Стојчевски.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 24 април 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдуваат наводите изнесени во медиумите, бидејќи лицето Илјо Стојчевски, сопруг

на пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија, Мира Стојчевска е вработено на работно место заменик командир на шумска полициска станица – Берово, помошна шумска полициска станица – Делчево од 01.01.1998 година.

Имено, од доставената документација, ДКСК утврди дека на 18.01.2019 година со овластување лицето е овластено времено да ги врши работните задачи од работното место командир на Шумско полициската станица Делчево, кое работно место е како што стои во Годишниот план за вработувања за 2018 година е предвидено да се пополнува во следната година, а е испразнето поради било кој законски основ на прекинување на работен однос. На ден 18.02.2019 година лицето Илјо Стојчевски до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставил барање за отповикување на издаденото овластување, но истото не е прифатено поради потребите на работодавачот, додека не се пополни ова работно место со спроведување на законски предвидена постапка.

Согласно погоре наведеното не е утврдено влијание при постапка за унапредување на блиско лице, од страна на избраното лице, во конкретниот предмет пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија, Мира Стојчевска.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk